Република Македонија
**Министерство за информатичко општество и администрација**

[redacted]

Јавно претпријатие за комунални дејности
ЈП.-Плаваја-Радовиш
Примено: 27.10.2016

| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 0101 | 413 | 1 | |


**Архивски бр.12/6 -** 4001/2
**Дата:** 25 10 2016

Република Македонија
Министерство за информатичко општество и администрација

Кирил и Методиј, 54
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3221 882
Факс. (02) 3221 883
Е-пошта:

**ДО: ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ "ПЛАВАЈА" П.О. РАДОВИШ**

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14 и 27/16), Министерството за информатичко општество и администрација дава

**ПИСМЕНА СОГЛАСНОСТ**
на

Правилникот за внатрешна организација на ЈПКД "Плаваја" Радовиш, број 0101 - 405/1 од 19.10.2016 година и Правилникот за систематизација на работните места во ЈПКД "Плаваја" Радовиш, број 0101 - 405/2 од 19.10.2016 година.

***Образложение***

Јавното претпријатие за комунални дејности "Плаваја" п.о. Радовиш, ги изготви актите за внатрешна организација и систематизација на работните места во претпријатието и согласно во основот, наведениот член од Законот за вработените во јавниот сектор, достави барање за добивање на предходна согласност.

Министерството за информатичко општество и администрација, ги разгледа доставените актите и утврди дека истите се во меѓусебна согласност и во согласност со одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/2015, 154/2015 и 5/2016), Правилникот за содржината и начинот на подготовката на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места како и содржината на функционалната анализа на институциите на јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 11/15) и Каталогот на работни места во јавниот сектор, објавен на веб страната на министерството.

Република Македонија
**Министерство за информатичко општество и администрација**

[redacted]

Во рамки на утврдената надлежност, Министерството за информатичко општество и администрација постапи согласно горе наведеното.

Со почит,

Државен Секретар,
М-р Јахи Јахија

*Изготвил: Емилија Чукиќ, РО*


Република Македонија
Министерство за информатичко општество и администрација

Кирил и Методиј, 54
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3221 882
Факс. (02) 3221 883
Е-пошта:

Јавно претпријатие за комунални дејности
ПЛАВАЈА П.О.
Бр.0202-446/6
21.11. 2016 год.
Радовиш

Врз основа на член 17 точка 7 од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на РМ бр.27/2014,199/2014 и 27/2016), член 19 од Правилникот за содржината и начинот на подготовка на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места како и содржината на функционалната анализа на институциите на јавниот сектор (Службен весник на РМ бр.11/2015) член 19 од Законот за јавни претпријатија(Службен весник на РМ бр.38/96, 6/02, 20/03, 49/06, 22/07, 83/09) и член 15 од Статутот на ЈП Плаваја-Радовиш, Управниот Одбор на претпријатието, на седницата одржана на ден 18.11.2016 година донесе

# ОДЛУКА
## за давање на согласност на Правилник за систематизација на работните места во ЈП Плаваја-Радовиш под бр. 0101-405/2 од 19.10.2016 година

### Член 1

Се дава согласност на Правилник за систематизација на работните места во ЈП Плаваја-Радовиш под бр. 0101-405/2 од 19.10.2016 година, согласно претходно дадената согласност од страна на МИОА на РМ под бр. 0101-413/1 од 27.10.2016 година, со тоа што табеларниот преглед под бр. 0202-682/2 од 21.12.2015 година останува во сила до донесување на нов правилник за исплата на платите на вработените во ЈП Плаваја Радовиш.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

### О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 50 од Законот за вработени во јавниот сектор (Службен Весник на РМ бр.27/2014, 199/2014 и 27/2016), сите субјекти на кои се однесуваат одредбите од овој закон имаа обврска да ги усогласат актите за систематизација на работните места со овој закон и подзаконските акти.

Со цел усогласување на Правилникот за систематизација на работните места, се донесе Одлука како во Диспозитивот.

Бр.0202- ______
18.11.2016 година
Радовиш

Претседател на
Управен одбор

______________
Марјан Тасев

Јавно претпријатие за комунални дејности
ПЛАВАЈА П.О.
Бр. 0202-446/5
21.11.2016 200 год.
Радовиш

Врз основа на член 17 точка 7 од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на РМ бр.27/2014,199/2014 и 27/2016), член 19 од Правилникот за содржината и начинот на подготовка на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места како и содржината на функционалната анализа на институциите на јавниот сектор (Службен весник на РМ бр.11/2015) член 19 од Законот за јавни претпријатија(Службен весник на РМ бр.38/96, 6/02, 20/03, 49/06, 22/07, 83/09) и член 15 од Статутот на ЈП Плаваја-Радовиш, Управниот Одбор на претпријатието, на седницата одржана на ден 18.11.2016 година донесе

# ОДЛУКА

## за давање на согласност на Правилник за внатрешна организација во ЈП Плаваја-Радовиш под бр. 0101-405/1 од 19.10.2016 година

### Член 1

Се дава согласност на Правилник за внатрешна организација во ЈП Плаваја-Радовиш под бр. 0101-405/1 од 19.10.2016 година, согласно пртходно дадената согласност од страна на МИОА на РМ под бр. 0101-413/1 од 27.10.2016 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

### О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 50 од Законот за вработени во јавниот сектор (Службен Весник на РМ бр.27/2014, 199/2014 и 27/2016), сите субјекти на кои се однесуваат одредбите од овој закон имаа обврска да ги усогласат актите за внатрешна органиозација со овој закон и подзаконските акти.

Со цел усогласување на Правилникот за внатрешна оргнизација, се донесе Одлука како во Диспозитивот.

Бр.0202- ______
18.11.2016 година
Радовиш

Претседател на
Управен одбор

Марјан Тасев

ПЛАВАЈА, П.О.
Бр. 0101-306/1
21-02-2018 год.
Радовиш

Врз основа на член 17 став7 од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/2014, 199/2014 и 27/2016), а во врска со член 28 од Законот за изменување и дополнување на Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 11/2018), В.Д Директорот на ЈПКД ,,Плаваја,, Радовиш донесе:

# П Р А В И Л Н И К

## за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈПКД Плаваја Радовиш

### член 1

Со овој Правилник се врши измена и дополнување на Правилникот за систематизацјиа на работните места во ЈПКД Плаваја Радовиш под бр.0102-405/2 од 19.10.2016 година и тоа:

Во глава II во членовите 8,9 и 10 во делот на посебните работни компетенции за сите нивоа – познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски), се бришат деловите:

- За нивоата Б1 и Б2 преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на Б2(B2) нивото на ЦЕФР односно ИЕЛТ со 5-6 поени, ФЦЕ, БЕК В, ИЛЕК, ИКФЕ, БУЛАТС или ТОЕФЕЛ ПБР најмалку 500 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 175 бода или ТОЕФЕЛ ИНТ најмалку 60 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ или ГЕТЕ сертификат Тест Даф.
- За нивоата Б3 и Б4 преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на Б1(B1) нивото на ЦЕФР односно ИЕЛТ со 3,5 – 4,5 поени ФЦЕ, БЕК В, ИЛЕК, ИКФЕ, БУЛАТС или ТОЕФЕЛ ПБР најмалку 450 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 135 бода или ТОЕФЕЛ ИНТ најмалку 45 бода или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ или ГЕТЕ сертификат
- За сите нивоа на категоријата – В преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTEна европски тестатори А2(А2) нивото на ЦЕФР односно КЕТ, ИЕЛТ со 3 поени, БУЛАТС или ТОЕФЕЛ ПБР најмалку 400 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 95 бода или ТОЕФЕЛ ИНТ најмалку 30 бода или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ или ГЕТЕ сертификат
- За сите нивоа на категорија – Г преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на А1(А1) нивото на

ЦЕФР, односно БУЛАТС или ТОЕФЕЛ ПБР најмалку 310 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 35 бода или ТОЕФЕЛ ИНТ најмалку 10 бода или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ или ГЕТЕ сертификат.

**Член 2**

Во Глава II во членовите 8,9 и 10 во делот на посебните работни компетенции за сите нивоа, се додава/останува следниот текст :

- Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европска Унија (англиски, француски, германски), активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и положен испит за административно управување **(кај сите нивоа од категоријата – Б)**

**Член 3**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената писмена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

ЈПКД Плаваја Радовиш

Бр. 0101-

В.Д Директор

21.02.2018 година

Дејан Крстев

[redacted]

...донија
...истерство за информатичко општество и
администрација

Архивски бр. 12/6 - 1381/ 1367/2
Дата: 20042018

Јавно претпријатие за комунални дејн...
ЈП.-Плаваја-Радовиш

| Примено | 23-04-2018 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.един. | Број | Прилог | Вредност |
| 0302 | 306 | 3 | |


Република Македонија
Министерство за информатичко општество и администрација

Кирил и Методиј, 54
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3221 882
Факс. (02) 3221 883
Е-пошта:


ДО: **ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ "ПРАВИЛНИК" РАДОВИШ РАДОВИШ**

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16 и 35/18), Министерството за информатичко општество и администрација дава

## ПИСМЕНА СОГЛАСНОСТ

на

Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈПКД "Плаваја" - Радовиш, број 0302 - 306/2 од 22.02.2018 година.

***Образложение***

Законот за изменување и дополнување на Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 11/18) врши измена на основниот текст на законот, меѓу другото и во делот на посебните работни компетенции за сите нивоа, кој се однесува на познавањето на еден од трите најчесто користено јазици на Европската унија (англиски, француски, германски).

Постапувајќи согласно утврдената обврска за усогласување на актите за систематизација на работните места во институциите од јавниот сектор, содржана во член 28 став (1) од Законот за изменување и дополнување на Законот за административните службеници, Јавното претпријатие за комунални дејности "Плаваја" - Радовиш од Радовиш, изготви акт за изменување и дополнување на постојниот Правилник за систематизација на работните места во претријатието, број 0102-405/2 од 19.10.2016 година и согласно во основот, наведениот член од Законот за вработените во јавниот сектор, достави барање за добивање на предходна согласност.

Врз основа на изложеното, во рамки на законски утврдената надлежност, Министерството за информатичко општество и администрација постапи согласно горе наведеното.

ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР,
М-р Јахи Јахија

Изготвил: Емилија Чукиќ, РО

Јавно претпријатие за комунални дејности
ПЛАВАЈА П.О.
Бр. 0202-489/4
23. 05. 2018 год.
Радовиш

Врз основа на член 17 точка 7 од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на РМ бр.27/2014,199/2014 и 27/2016), а во врска со член 28 од Законот за изменување и дополнување на законот за административни службеници (Службен весник на РМ бр.11/2018) член 19 од Законот за јавни претпријатија (Службен весник на РМ бр.38/96, 6/02, 20/03, 49/06, 22/07, 83/09) и член 15 од Статутот на ЈП Плаваја-Радовиш, Управниот Одбор на претпријатието, на седницата одржана на ден 18.05.2018 година донесе

# ОДЛУКА

## за давање на согласност на Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈП Плаваја-Радовиш под бр. 0101-306/1 од 21.02.2018 година

**Член 1**

Се дава согласност на Правилник за систематизација на работните места во ЈП Плаваја-Радовиш под бр. 0101-306/1 од 21.02.2018 година, согласно претходно дадената согласност од страна на МИОА на РМ под бр. 0302-306/3 од 23.04.2018.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

28 од Законот за изменување и дополнување на законот за административни службеници (Службен весник на РМ бр.11/2018), сите субјекти на кои се однесуваат одредбите од овој закон имаа обврска да ги усогласат актите за систематизација на работните места со овој закон.

Со цел усогласување на Правилникот за систематизација на работните места, се донесе Одлука како во Диспозитивот.

Претседател на
Управен одбор

Марјан Тасев

Јавно претпријатие за комунални дејности
ПЛАВАЈА П.О.
Бр. 0101-946/1
07-05-2018 200 год.
Радовиш

Врз основа на член 17 став7 од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/2014, 199/2014 и 27/2016), а во врска со член 11 од Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 64/2018), В.Д Директорот на ЈПКД ,,Плаваја,, Радовиш донесе:

# П Р А В И Л Н И К

## за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈПКД Плаваја Радовиш

**член 1**

Со овој Правилник се врши измена и дополнување на Правилникот за систематизацјиа на работните места во ЈПКД Плаваја Радовиш под бр.0102-405/2 од 19.10.2016 година и бр. 0101-206/1 од 21.02.2018 година и тоа:

Во глава III во членот 14 во делот на посебните услови за ниво А и тоа за ниво А1, А2, А3 и А4 – се брише делот:

- познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски), преку приложување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори или уверение од меѓународна институција на А1(А1) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно БУЛАТС или Аптис; или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 310 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 35 бода или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 10 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ или ГЕТЕ сертификат.

**Член 3**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената писмена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Бр. 0101-
07.05.2018 година

ЈПКД Плаваја Радовиш
В.Д Директор
Дејан Крстев

Јавно претпријатие за комунални дејности ПЛАВАЈА П.О. Радовиш

Република Македонија
**Министерство за информатичко општество и администрација**

[redacted]

Јавно претпријатие за комунални дејности ЈП „Плаваја" Радовиш
Примено: 04.12.2018
Орг. единица: 0101 Број: 446/3 Прилог: Вредност:

**Архивски бр. 12/6 -1367/ 6**
**Дата: 29.11.18**

**ДО: ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ "ПЛАВАЈА" - РАДОВИШ
РАДОВИШ**

Република Македонија
Министерство за информатичко општество и администрација

Кирил и Методиј, 54
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3221 882
Факс. (02) 3221 883
Е-пошта:

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16 и 35/18), Министерството за информатичко општество и администрација дава

**ПИСМЕНА СОГЛАСНОСТ**
на

Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈПКД "Плаваја" – Радовиш, број 0101 - 446/1 од 07.05.2018 година.

***Образложение***

Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 64/18) изврши измена на основниот текст на законот, меѓу другото и во делот на посебните работни компетенции од групата на раководните давателите на услуги во јавните претпријатија – А категорија за сите нивоа, кој се однесува на познавањето на еден од трите најчесто користено јазици на Европската унија (англиски, француски, германски).

По извршеното усогласување со член 11 од наведениот Закон за изменување и дополнување на Законот за јавните претпријатија, Јавното претпријатие за комунални дејности "Плаваја" - Радовиш, изготви акт за изменување и дополнување на постојниот Правилник за систематизација на работните места во претријатието, број 0102 - 405/2 од 19.10.2016 година и број 0101-206/1 од 21.02.2018 година и согласно во основот, наведениот член од Законот за вработените во јавниот сектор, достави барање за добивање на предходна согласност.

Врз основа на изложеното, во рамки на законски утврдената надлежност, Министерството за информатичко општество и администрација постапи согласно горе наведеното.

ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР,
М-р ЈАХИ ЈАХИЈА

Република Македонија – Министерство за информатичко општество – Скопје

*Изготвил: Емилија Чукиќ,РО*

Јавно претпријатие за комунални дејности
ПЛАВАЈА П.О.
Бр. 0202-921/6
18.12.2018 год.
Радовиш

Врз основа на член 17 точка 7 од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на РМ бр.27/2014,199/2014 и 27/2016), а во врска со член 11 од Законот за изменување и дополнување на законот за јавни претпријатија (Службен весник на РМ бр.64/2018) член 19 од Законот за јавни претпријатија (Службен весник на РМ бр.38/96, 6/02, 20/03, 49/06, 22/07, 83/09) и член 15 од Статутот на ЈП Плаваја-Радовиш, Управниот Одбор на претпријатието, на седницата одржана на ден 17.12.2018 година донесе

# ОДЛУКА
## за давање на согласност на Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈП Плаваја-Радовиш под бр. 0101-446/1 од 07.05.2018 година

**Член 1**

Се дава согласност на Правилник за систематизација на работните места во ЈП Плаваја-Радовиш под бр. 0101-446/1 од 07.05.2018 година, согласно претходно дадената согласност од страна на МИОА на РМ под бр. 0101-446/3 од 04.12.2018.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на член 11 од Законот за изменување и дополнување на законот за јавните претпријатија (Службен весник на РМ бр.64/2018), сите субјекти на кои се однесуваат одредбите од овој закон имаа обврска да ги усогласат актите за систематизација на работните места со овој закон.
Со цел усогласување на Правилникот за систематизација на работните места, се донесе Одлука како во Диспозитивот.

Претседател на
Управен одбор

Марјан Тасев

Врз основа на член 17 од Законот за вработените во јавниот сектор(Службен весник на Република Македонија бр. 27/2014, 199/2014 и 27/2016) и член 22 од Правилникот за содржината и начинот на подготовката на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места, како и содржината на функционалната анализа на институциите на јавниот сектор, ВД Директорот на ЈП Плаваја Радовиш на ден 04.06.2018 го предлага следниот :

Јавно претпријатие за комунални дејности
ПЛАВАЈА П.О.
Бр. 0101-525/1
06-06-2018 200 год.
Радовиш

**Правилник за**

**Изменување и дополнување на Правилник за внатрешна организација на Јавното претпријатие за комунални работи Плаваја Радовиш**

**Член 1**

Со овој Правилник се врши измена и дополнување на Правилник за внатрешна организација на Јавното претпријатие за комунални работи Плаваја Радовиш под број 0101-405/1 од 19.10.2016 година

**Член 2**

Се менува член 3 став 1 со тоа што по зборовите ,,во следниве организациони единици: ,, каде стои 7 сектори и 20 одделенија се заменува со ,, ***8 сектори и 23 одделениј,,***

**Член3**

Се менува член 3 со тоа што под точката 7 Сектор за технички работи се додава нова точка ***8* Сектор за пречистување на урбани отпадни води.**

**Член 4**

По членот 9 се додава нов член 9-а кој гласи:

**8. Секторот за прочистување на урбани отпадни води** ги врши сите потребни работи за механички и биолошки третман на отпадните води, управува со милта и се грижи за нејзино правилно транспортирање и депонирање, се грижи за целокупната опрема и машини кои се во пречистителната станица.

Овој сектор е составен од 3(три) одделенија и тоа:

**8.1 Одделение за машинско одржување на пумпни станици за фекални води** се грижи за исправноста на сите машински уреди и инсталации во пречистителната станица, како и се грижи за нивната постојана исправност и функционалност, врши надгледување, манипулација и сетирање на СКАДА системот, води сметка за систематско чистење и одржување на зградта на пречистителната станица и околината, води сметка за минимизирање на трошоците на работењето.

**8.2 Одделението за електро одржување** се грижи за исправноста на сите електрични уреди и инсталации во пречистителната станица, како и за нивното техничко одржување, ја надгледува и манипулира со СКАДА системот.

**8.3 Одделението за хемиска лабораторија за отпадни води** се грижи за спроведување на сите хемиски анализи според програмата за примероци и тестирање, врши секојдневно испитување и анализа на влезната и излезната вода во и од пречистителната станица, се грижи секогаш да има во доволни количини хемиски средства за спроведување на анализите, се грижи за исправноста и точноста на добиените резултати и води сметка за исправноста и квалитетот на целокупниот инвентар во лабораторијата.

**Член 5**

Оваа измена и дополнување влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе започне да се применува откако ќе се добие писмена согласност од МИОА и ќе биде усвоена од Управниот Одбор на претпријатието.

Дата
04.06.2018

ЈП Плаваја Радовиш
ВД Д и р е к т о р

Дејан Крстев

Јавно претпријатие за комунални дејности ПЛАВАЈА П.О. Радовиш

Република Македонија
**Министерство за информатичко општество и администрација**

**Архивски бр. 12/6 - 1367/ 5**
**Дата:** 18.06.2018

Јавно претпријатие за комунални дејности
ЈП „Плаваја" Радовиш

| Примено: | 19-06-2018 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
| 0101 | 525 | 4 | |

**ДО: ЈП "ПЛАВАЈА" - РАДОВИШ**
**РАДОВИШ**


Република Македонија
Министерство за информатичко општество и администрација

Кирил и Методиј, 54
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3221 882
Факс. (02) 3221 883
Е-пошта:


Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/2016 и 35/18), Министерството за информатичко општество и администрација дава

**ПИСМЕНА СОГЛАСНОСТ**

на

Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на ЈП "Плаваја" - Радовиш, број 0101 – 525/1 од 06.06.2018 година и Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈП "Плаваја" - Радовиш, број 0101 – 525/2 од 06.06.2018 година.

***Образложение***

По извршеното усогласување со новата законска регулатива и денесувањето на двата акти за внатрешна организација и систематизација на работните места, Јавното претпријатие за комунални дејности "Плаваја" Радовиш од Радовиш, изготви Правилници за измена и дополнување на постојните, предходно донесени Правилник за внатрешна организација на ЈП "Плаваја" - Радовиш, број 0101 – 405/1 од 19.10.2016 година и Правилникот за систематизација на работните места во ЈП "Плаваја" - Радовиш, број 0102 – 405/2 од 19.10.2016, број 0102-206/1 од 21.02.2018 и број 0102 – 446/1 од 07.05.2018 година и согласно во основот, наведениот член од Законот за вработените во јавниот сектор, истите ги достави на предходна согласност.

Министерството за информатичко општество и администрација, ги разгледа доставените актите и утврди дека истите се во меѓусебна согласност и во согласност со постојните акти за внатрешната организација и систематизација на работните места во претпријатието, како и во согласност со одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018), Правилник за содржината и начинот на подготовката на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места како и содржината на функционалната анализа на институциите на јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 11/15),

Република Македонија

**Министерство за информатичко општество и администрација**

[redacted]

ERROR - Incomplete Session by time out
POSITION : 0x208b (8331)
SYSTEM : h6fw_5.53/os_hook
LINE : [illegible]
VERSION : SPL 5.53 07-22-2011

и Каталогот на работни места во јавниот сектор, составен дел на Информациониот систем за управување со човечки ресурси (ИСУЧР), воспоставен од страна на министерството.

Врз основа на изложеното, а во рамки на законски утврдената надлежност, Министерството за информатичко општество и администрација постапи согласно горе наведеното.

Државен секретар,
М-р Јахи Јахија

*Изготвил: Емилија Чукиќ, РО*

Република Македонија
Министерство за информатичко општество и администрација

Кирил и Методиј, 54
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3221 882
Факс. (02) 3221 883
E-пошта:

Јавно претпријатие за комунални дејности
ПЛАВАЈА П.О.
Бр. 0202-616/2
13.07 2018 год.
Радовиш

Врз основа на член 17 точка 7 од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на РМ бр.27/2014,199/2014 и 27/2016), член 19 од Законот за јавни претпријатија (Службен весник на РМ бр.38/96, 6/02, 20/03, 49/06, 22/07, 83/09) и член 15 од Статутот на ЈП Плаваја-Радовиш, Управниот Одбор на претпријатието, на седницата одржана на ден 12.07.2018 година донесе

# ОДЛУКА

**за давање на согласност на Правилник за изменување и дополнување на Правилник за внатрешна организација на ЈП Плаваја Радовиш под бр. 0101-525/1 од 06.06.2018 година и Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈП Плаваја-Радовиш под бр. 0101-525/2 од 06.06.2018 година .**

**Член 1**

Се дава согласност на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на јавното претпријатие за комунални дејности Плаваја Радовиш под бр. 0101-525/1 од 06.06.2018 година и Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈП Плаваја-Радовиш под бр. 0101-525/2 од 06.06.2018 година, согласно претходно дадената согласност од страна на МИОА на РМ под бр. 0101-525/4 од 19.06.2018.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на дадената писмена согласност од страна на Министерството за информатичко општество и администарција под бр. 0101-525/4 од 19.06.2018 година, а цел усогласување на Правилникот за систематизација на работните места со потребите за работењето на ЈП Плаваја Радовиш, се донесе Одлука како во Диспозитивот.

Претседател на
Управен одбор

Марјан Тасев